Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 и член 151, став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/11 и 136/11) на седницата одржана на 30.07.2012 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

**Член 1**

Во Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12), во членот 13, став (1), по алинеата 3 се додава нова алинеа 4 која гласи:

„- доказ дека е платен надоместокот од член 13-а на овој Правилник.“

**Член 2**

По членот 13 се додава нов член 13-а, кој гласи:

“Член 13-а

(1) Кон Барањата од член 12 на овој Правилник, барателот задолжително треба да приложи доказ дека на сметка на Регулаторната комисија за енергетика е уплатен неповратен паричен надоместок за трошоците направени во постапката (надоместокот кој Регулаторната комисија за енергетика треба да го плати на Агенцијата за енергетика на Република Македонија според тарифникот донесен од Агенцијата за енергетика на Република Македонија) во денарска противвредност, по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на поднесувањето на барањата.“

**Член 3**

(1) Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**

**бр. 01-1311/1**
**30.07.2012 година**
**Скопје**